Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-365/5
11-08-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-365/1 од 25.5.2023 година поднесена од [redacted] против Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основ на место на работење во кое остварил дел од работниот стаж во областа на пензиско и инвалидско осигурување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.8.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на место на работење во кое остварил дел од работниот стаж во областа на пензиско и инвалидско осигурување од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-365/1 од 25.5.2023 година, од [redacted], за сторена дискриминација врз основ на местото на работење во кое остварил дел од работниот стаж во областа на пензиско и инвалидско осигурување, од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија.

Согласно наводите од претставката, подносителот поднел барање за остварување на старосна пензија бидејќи имал работено во Италија. Подносителот истакнува дека од поднесувањето на барањето за остварување на пензија изминале 11 месеци, при што тој сè уште не добил одговор на истото. Во продолжение на претставката е наведено дека за разлика од подносителот, останати лица кои работеле и оствариле стаж во Македонија добивале одговор на барањата за пензија многу побрзо од него. На крај, подносителот наведува дека заради ова, тој смета дека од Фондот за ПИОМ не добива еднаков третман и дека е дискриминиран.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 15.6.2023 година испрати Известување бр. 08-365/2 за произнесување по наводите од претставката до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Поради фактот што потенцијалниот дискриминатор не се произнесе по наводите од претставката во законскиот рок, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба и мериторно одлучување по предметот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за вршење на увид во просториите на Фондот за ПИОМ бр. 08 – 365/3 .

На ден 28.7.2023 година, согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, членката на Комисијата Весна Бендевска изврши непосреден увид во просториите на ПИОМ. Увидот започна во 10:57 часот и на него присуствуваа [redacted] на одделението за регулатива, одговор на претставки и приговори против

реални акти и [redacted] на одделението за решавање на правата од ПИО по одредбите на ЕУ и меѓународни договори за социјално осигурување.

Увидот започна со воведување двете раководителки со содржината на самата претставка, при што беше образложено дека потребата од увид се јавила поради фактот што Фондот за ПИОМ не се произнел по наводите од истата.

На самиот почеток на увидот, од страна на раководителката на одделението за регулатива, одговор на претставки и приговори против реални акти беше истакнато дека со цел да одговорат на барањето за произнесување, го проследиле до одделението за решавање на правата од ПИО по одредбите на ЕУ и меѓународни договори за социјално осигурување, при што на 21.6.2023 година нејзиното одделение достави Барање бр. 10-3094/2 до одделението за меѓународни договори со цел да се прибават дополнителни информации во врска со претставката и нејзиниот подносител. Од конкретното одделение бил добиен одговор на 13.7.2023 дека предметното барање за пензија на подносителот [redacted] е проследено до соодветниот Фонд за социјално осигурување во Италија, меѓутоа за истото нема повратен одговор од таму. Во врска со претходно наведеното, членката на Комисијата В.Б. прибави копии од барањето бр. 10-3094/2 и одговорот на истото.

Во однос на прашањето од членката на Комисијата за датумот кога било поднесено барањето за остварување на пензија од страна на подносителот [redacted] до ПИОМ, и кога ПИОМ го проследиле истото до Италијанскиот фонд за социјално осигурување, раководителката на одделението за решавање на правата од ПИО по одредбите на ЕУ и меѓународни договори за социјално осигурување одговори дека барањето до ПИОМ било поднесено на 29.9.2021 година, додека барањето до Италијанскиот фонд за социјално осигурување било поднесено на 4.11.2021 година. Членката на Комисијата В.Б. прибави и копии од предметните барања од списите на ПИОМ.

Членката на Комисијата понатаму побара информација за останати лица кои не успеале да го остварат правото на пензија од работен стаж во Италија, или пак се соочиле со потешкотии при поднесувањето на барање и добивањето на одговор на истото, при што на конкретното прашање, беше одговорено дека при поднесувањето на ваквите барања за остварување пензија од работен стаж во Италија, има веќе постоечки проблем. Имено, раководителката на одделението за решавање на правата од ПИО по одредбите на ЕУ и меѓународни договори за социјално осигурување истакна дека дури 90% од барањата се примаат и проследуваат со доцнење, а некогаш и по период подолг од 2 години. Во прилог на ова, раководителката дополнително даде информација дека во последните 3 години, до Италијанскиот фонд за социјално осигурување биле поднесени околу 500 барања, при што просечното време што минувало сè до остварувањето на правото од пензија било околу 2 години.

На крајот на увидот, членката на Комисијата утврди дека од страна на ПИОМ целосно е оформен предметот за остварување на право на пензија на подносителот на претставката [redacted] при што уредно се испратени сите потребни документи до Италијанскиот фонд за социјално осигурување. Притоа, констатирано е дека од страна на Италијанскиот фонд, сè уште нема одговор на предметното барање, поради што постапката за остварување на ваквото право на подносителот е во тек.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Р.С. Македонија врз подносителот Фетах Јашаров.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека кон подносителот Фетах Јашаров била сторена дискриминација врз некоја дискриминаторска основа, врз која основа со него се постапувало понеповолно при остварувањето на правото на пензија од остварен стаж во Италија во однос на останатите лица кои го остваруваат истото право, или пак тој бил оневозможен да го оствари истото од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Имено, Комисијата констатира дека за постапката за остварување на ваквото право на подносителот е целосно оформен предмет во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Р.С. Македонија, при што од страна на Фондот, сите потребни документи се испратени до Италијанскиот фонд за социјално осигурување, од кој и се чека одговор на предметното барање. Согласно претходно изнесеното, постапката за остварување на правото на пензија на подносителот на претставката е сè уште во тек, и притоа, истата се спроведува на ист начин и во временски период како и останати барања од други подносители за остварување пензија до Италијанскиот фонд за социјално осигурување.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
11.8.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Р.С. Македонија, ул. ,,23 Октомври" бр 11., 1000 Скопје
- Архива на Комисијата